# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 4 година XXX

Декември 2017 г.

## СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ



## СОДРЖИНА

2 страна
**Порака од Генералниот секретар на Обединетите нации**

3 страна
**Прв Форум на обезбедувачи на социјални сервисни служби**

4, 5 и 6 страна
**Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА, НСИОМ и Владата на РМ по повод 3 декември**

7 страна
**Конференција на НКТ**

8 страна
**Активности на ЕАСПД**

9, 10 и 11 страна
**Модул “Човекови права и сервисни служби за лица со попреченост”**

11 страна
**Активности во рамките на проектот “Рана инклузија преку взаемно учење”**

12 страна
**Активности на ЕДФ**

13, 14 и 15 страна
**Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА по повод 3 декември**

16 страна
**Наша страница**
**Ликовни работилници и хуманитарна изложба**

**“ПОРАКА”**
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

*Главен и одговорен уредник:*
**Виолета Димоска**

*Уредувачки одбор:*
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

*Печати:*
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Декември 2017 г. Број 4, год. XXX**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
”Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***

# ПОРАКА ОД ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ПО ПОВОД 3 ДЕКЕМВРИ, МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Прилагодливоста е од суштинско значење за постигнување на одржлив развој. Во својата заложба да не остави никој зад себе, 2030 Агендата ја отелотворува посветеноста за градење на капацитетите на оние кои се соочуваат со маргинализација и исклучување, со цел да ја намали нивната ранливост кон економски, социјални и средински шокови.

Во последните години, меѓународната заедница има постигнато значаен напредок во унапредувањето на правата на една милијарда лица со попреченост во светот. Попреченоста е препознаена како меѓусекторско прашање во 2030 Агендата, Новата урбана агенда и Сендаи Рамката за намалување на ризиците од катастрофи.

Сепак, лицата со попреченост премногу често остануваат исклучени од дизајнот, планирањето и имплементацијата на политиките и програмите кои влијаат врз нивните животи. Премногу често, тие се соочуваат со дискриминација на пазарот на трудот и во пристапот до образование и други сервисни служби.

За да се надмине овој предизвик, патот кон инклузивни, пристапни и употребливи објекти, технологии, инфраструктура, сервисни служби и производи, мора да се обезбедува од, за и со лицата со попреченост. Мора да ги градиме нивните капацитети, и да работиме заедно за да се дизајнираат, развиваат и имплементираат прифатливи и иновативни решенија за реализирање на еднаквоста за сите.

## Одбележување на 3 декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост во Обединети нации

Настаните за одбележување на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост во седиштето на ОН во Њујорк ги организираше Одделот за економски и социјални работи (DESA) на 01.12.2017 во соработка со државите членки, системот на ОН, академските институции, граѓанското општество, организациите на лицата со попреченост и приватниот сектор.

Официјалното одбележување на денот започна со пораката од Генералниот секретар на ОН и изјавите на Претседателот на 72 сесија на Генералното собрание, државите членки и организации од граѓанското општество. Во текот на денот се одржаа неколку панел дискусии поврзани со овогодинешната тема за одбележување на меѓународниот ден на лицата со попреченост, како и неколку настани организирани од невладиниот сектор. На 04.12.2017 во попладневните часови во просториите на ECOSOC беше претставена театарската претстава Медеа од страна на Teatro Patologico. Оваа театарска група е основана во 1991 година, од еден од најистакнатите италијански глумци, Dario D’Ambrosi кој ангажира лица со физичка и интелектуална попреченост во театарски активности, како начин да се гарантира нивна целосна инклузија во општеството и целосно уживање на нивните човекови права, во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА и ЕАСПД

# Прв Форум на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост во Македонија

EASPD
IMPROVING SERVICES
IMPROVING LIVES

***Форумот претставува прв чекор во креирање на неформална национална мрежа на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост, која ќе има за цел да ги координира активностите за целосна имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во полето на пружање сервисни служби за лицата со попреченост во местото на живеење.***



Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, во соработка со ЕАСПД - Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост, го организираше првиот Форум на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост во Македонија.

Форумот се одржа на 10 ноември 2017 година во хотел Карпош, Скопје. Учесници беа претставници од државни институции, невладини организации кои пружаат сервисни служби за лица со попреченост, како и претставници на УНИЦЕФ и УНДП. Настанот го отвори претседателот на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, Чедомир Трајковски. Воведното излагање го даде Др.Василка Димоска, Програм менаџер на РЦПЛИП – ПОРАКА, која истакна дека оваа средба е важен прв чекор во креирање на неформална национална мрежа на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост, која ќе има за цел да ги координира активностите за целосна имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во полето на пружање сервисни служби за лицата со попреченост во местото на живеење.

Следеше презентација на James Crowe, претседател на ЕАСПД, кој се осврна на значењето на сервисните служби во местото на живеење за лицата со попреченост од перспектива на ЕАСПД како асоцијација. Потоа следеа презентации за актуелните развитоци во пружањето на социјални сервисни служби во Македонија и предизвиците со кои се соочуваат во работата. Презентациите беа подготвени од претставниците на Завод за социјални дејности, а видувањата од страна на граѓанските организации ги дадоа претставници од РЦПЛИП – ПОРАКА, „Отворете ги прозорците" и Солем.

Претставник од Здружението на дефектолози на Македонија ги презентираше проектните активности кои тие како здружение ги спроведуваа во Специјалниот Завод - Демир Капија, со поддршка на УНИЦЕФ, УНДП, односно претставник од оваа ОН агенција, ги презентираше активностите во рамки на проектот Работно ориентирана рехабилитација, од кој дел од активностите директно се реализираа со штитениците во Заводот за заштита и рехабилитација „Бања Банско" во Струмица.

Во својата втора презентација, James Crowe говореше за начелото на ко-продукција во обезбедувањето на социјални сервисни служби. Ко-продукцијата, инклузивно работно партнерство меѓу експертите од искуство (корисниците), организациите за поддршка и властите, претставува алатка или пристап кој помага да се унапреди развојот на сервисни служби за поддршка кои ќе ги задоволуваат индивидуалните потреби и преференци на корисниците, а во исто време ќе им даде контрола и избор во нивниот живот. Ко-продукцијата беше воведена како еден од елементите кој треба да биде дел од холистичка рамка на поддршка и, кога добро се спроведува, може позитивно да се осврне на уживањето на правата преку дизајнирање, развој и пружање на сервисни служби кои се водени од корисници.

Настанот заврши со дискусија и заклучоци за потребата од оформување на платформа/мрежа на обезбедувачи на социјални сервисни служби.



## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Одбележување на 3 декември, Меѓународниот ден на лица со попреченост на национално ниво

## Изведба на театарската претстава „Бакнати од сонцето”



Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, во соработка со членовите од Театар ПИ, актерите Златко Митрески и Македонка Илиевска, организираше изведба на театарската претстава „Бакнати од сонцето” во која актери се лица со интелектуална попреченост, корисници на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје. Претставата се одигра на 03.12.2017 година во Мултимедијалниот центар „Мала Станица”.

Низ серија на специфични актерски техники и процес на импровизација, во работата се истражуваат можностите за создавање на театар со слики и приказни од секојдневниот живот на лицата со интелектуална попреченост. Низ ситуации и театарски игри, со лицата со интелектуална попреченост се создаде материјал, кој е дел на драматургијата во театарскиот перформанс „Бакнати од сонцето”. Акцентот во мултимедијалниот театарски перформанс е ставен на нивната способност да бидат изведувачи - перформери и ангажирано низ говорот на телото на сцена да споделат со публиката еден интимен театарски чин

Претставата се организираше по повод 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост и претставува можност да се презентираат и да се истакнат можностите и потенцијалите на лицата со интелектуална попреченост. Тоа воедно придонесува и за директно влијание во разбивањето на предрасудите што постојано го следат овие лица.

Во рамките на настанот, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА додели 3-то Декемвриска Благодарница на Ски центар Маврово - Ресорт Маврово, како израз на признание за организираниот 15 Аматерски хуманитарен велеслалом за поддршка на програмските активности на дневните центри за лица со интелектуална попреченост на РЦПЛИП -ПОРАКА. Исто така, ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје врачи Благодарници на поединци, организации и институции кои во текот на 2018 година дадоа значителен придонес во остварувањето на целите на организацијата: Одделение за социјална и здравствена заштита при Град Скопје, Меѓународно училиште “НОВА” и ученичка Миа Милошеска, бендот “Фанк Шуи”, Куглaната при Спортскиот центар “Борис Трајковски”, Студиската програма по графика при Факултетот за ликовна уметност и Театарот “ПИ”.





## Активности на НСИОМ и здружените членки

# Централна манифестација за одбележување на 3 декември, меѓународен ден на лицата со попреченост

***Националниот совет на инвалидски организации на Република Македонија оваа година 3 декември, меѓународен ден на лицата со попреченост, го одбележа во соработка со своите организации членки во Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз".***

По повод 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост, Националниот совет на инвалидски организации на Република Македонија во соработка со своите организации членки одржа тематска расправа на тема „Трансформација кон одржливо и прилагодливо општество за сите ". Трибината се одржа на 3 декември во просториите на Домот на хуманитарните организации „Даре Џамбаз". На конференцијата присуствуваа претставници на поголем број државни и локални институции, невладини организации и заинтересирани граѓани, вклучувајќи ја Мила Царовска, Министер за труд и социјална политика, која вети дека државата ќе биде посветена на реализација на активностите кои се во насока на подобрување на животот на лицата со попреченост.

- Важно е денеска да го одбележиме денот, но уште поважно е 365 дена во годината да мислиме како да го подобриме живеењето на лицата со попреченост. Како министерка одговорно тврдам дека секој ден сме чекор поблиску до реализација на вашите права. Долги години сме сведоци дека нашите сограѓани кои се соочуваат со попреченост беа дискриминирани, немаа пристап до соодветни здравствени и образовни услуги и немаа пристап до вработување и сето тоа поради негрижата на државата. Но, тоа се менува бидејќи оваа Влада е инклузивна и секојдневно дискутира со вас за вашите проблеми - порача министерката Царовска.



Таа потсети дека уште во првите месеци од доаѓањето на новата Влада направени се законски измени со кои се олеснети одредени пристапи до права на лицата со попреченост. Со закон е регулирана персоналната асистенција во Македонија, а министерката најави дека во процес на подготовка е и програма која треба да стане реалност во 2018 година.

Во рамките на темата на конференцијата свои видувања дадоа претседателите на организациите членки на НСИОМ. Претседателот на РЦПЛИП – ПОРАКА, Чедомир Трајковски говореше за унапредување на правата на лицата со интелектуална попреченост согласно Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

# Прием на претставници на здружените членки на НСИОМ кај Претседателот на Република Македонија

Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, во пресрет на Меѓународниот ден на лицата со попреченост – 3 Декември, прими претставници од Националниот совет на инвалидските организации на Република Македонија и националните инвладиски организации, меѓу кои и Владо Крстовски како претставник на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА.

Претставниците на НСИОМ го информираа претседателот Иванов за положбата на лицата со попреченост, за предизвиците со кои тие се соочуваат, како и за постигнатите резултати во однос на имплементирањето на меѓународните норми од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Претседател на Република Македонија изрази поддршка за активностите на инвалидските организации и порача дека, како досега така и во иднина, ќе се залага за понатамошно унапредување на правата на лицата со



инвалидност, преку подобрувањето на законската легислатива, но и преку нејзиното доследно спроведување.

Учество на РЦПЛИП - ПОРАКА во настан по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, во организација на Владата на Република Македонија

# Премиерот домаќин на лицата со попреченост, се подготвуваше храна со „Ретвитни оброк"

***Да бидеме пример за многу, дури и побогати земји, дека општеството кое прво ја гледа можноста, а не попреченоста, е општество кое ги отворило очите за сите свои граѓани, изјави денеска премиерот Зоран Заев на настанот организиран во Владата по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост.***

Владата денеска ги отвори вратите за лицата со попречености во развојот. По повод 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, премиерот Зоран Заев, заедно со министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, во оваа институција беа домаќини на 30-тина лица со различен вид на попреченост. Меѓу гостите беа и корисници на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје.

Посочувајќи дека на овој начин директно ќе ги слушнат проблемите и потребите на лицата со попреченост, премиерот Заев потенцираше дека, за жал, овие лица кои се една од најранливите групи на граѓани, со години наназад, непотребно, беа на маргините.

Сметав дека прво ние треба да дадеме пример, да ги актуелизираме прашањата кои долго беа избегнувани, како и проблемите на овие луѓе. Да ги отвориме и преиспитаме нашите разбирања и перцепции за попреченостите, и поважно, да ги согледаме можностите и да ги надминеме препреките. Да покажеме дека овие лица можат да гледаат сојузник во институциите за подобрување на нивната положба, а во исто време да разбереме дека тие се сојузник на целото наше општество. Инклузијата не подразбира сожалување, туку заедништво и сојузништво и пред се правичен и достоинствен третман во обичниот живот, рече Заев.

Како домаќин, денес ги водев моите гости низ дел од работните простории на Владата. Ја видовме Свечената сала, а во холот разгледавме и две уметнички изложби кои ги поставивме тука, а чии дела понатака ќе бидат ставени во функција на добротворни цели. Видовме прекрасни зајдисонца од Коста Ќука, фотограф со Даунов Синдром од Битола. Ги разгледавме и илустрациите насловени како „Гуш и бац", инспирирани од зборовите на Ерато Кардула, девојче со аутизам. Настанот го



завршуваме со заеднички ангажман поддржан од иницијативата #РетвитниОброк, во кој ние, заедно со нашите гости и во соработка со владиниот ресторан, подготвивме и спакувавме 50-тина оброци кои денес ќе бидат доставени до ранливи лица на кои им е потребна поддршка.

Министерката за труд и социјална политика Мила Царовска, рече дека посебноста кај овие лица треба да ја прифатиме, поради тоа што предизвикот со кој се соочуваат или попреченоста не е мана, туку различност. – Владата е целосно посветена на надминување на пречките и предизвиците на лицата со попреченост во Македонија. Тоа не е само декларативна заложба. Уште во првите месеци од работењето на оваа влада испорачавме законски решенија што го олеснија пристапот до права на лицата со попреченост. Со таа брзина на испорака на правата и можностите, заеднички ќе работиме, за да испорачаме Македонија во која сите се вклучени и сите имаат можност да бидат вработени.





**Учество на РЦПЛИП - ПОРАКА во активностите на Националното координативно тело за еднакви права на лица со инвалидност**

# Меѓународна конференција „Механизми и структури за имплементација и за следење на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост – искуства од регионот”

Националното координативно тело за еднакви права на лица со инвалидност во Република Македонија на 28.11.2017 година во хотел „Континентал”, Скопје одржа меѓународна конференција на тема „Механизми и структури за имплементација и за следење на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост – искуства од регионот”. Главната цел на конференцијата е размена на искуства и добри практики од државите од регионот за оформени механизми и структури за имплементација и следење на имплементација на Конвенција на ОН за правата на лица со инвалидност, од перспектива на претставниците од Владата, националните експерти и НВО.

Модератор на конференцијата беше д-р Василка Димоска, програмски менаџер на РЦПЛИП - ПОРАКА, а воведни излагања имаа Министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска. Постојаниот претставник на УНДП во Македонија, Луиза Витон, и претседателот на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност, Бранимир Јовановски.

Министерката за труд и социјална политика Мила Царовска говореше за обврските кои Република Македонија ги има согласно со член 33 од Конвенцијата за заштита на правата на лицата со попреченост. Во таа насока рече дека е потребно да се обезбедат механизми за координација и за следење во различните Министерства, заради регулирање на проблематиката поврзана со спроведување на Конвенцијата.

Механизмот за координација на спроведувањето на Конвенцијата е потребен за да се избегне разводнувањето на одговорноста или некоординирано спроведување на Конвенцијата бидејќи опфаќа многу области од животот на лицата со попреченост. Механизмот за следење треба да биде независен субјект задолжен за анализирање, унапредување и следење на спроведувањето на Конвенцијата. Не помалку важно е и учеството за лицата со попреченост во телото за мониторинг. Во насока, пак на подобрување на целокупната состојба Царовска посочи дека во измените на Законот за социјална заштита веќе се регулирани одредените работи, а во собраниска процедура веќе е и Законот за пензиското и инвалидското осигурување каде со измените ќе се овозможи семејна пензија за лица со попреченост кои некогаш имале активен работен однос, затоа што досега немаа право на семејната пензија.

За лицата со попреченост од особено значење е т.н. персонална асистенција и токму затоа, нагласи дека во активните мерки за вработување во 2018 година се предвидува посебна програма за персонална асистенција: ,,Оваа година преку јавните работи општините веќе ангажираа персонални асистенти, што значи дека сме во фаза на институционализација на персоналната



асистенција, но и имплементираме активности кои ги опфаќаме со различни мерки”, додаде Царовска.

Претседателот на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност на Република Македонија, Бранимир Јовановски рече дека очекуваат експертите од владиниот и невладиниот сектор од државите од регионот да ги споделат нивните искуства во однос на мониторингот. „Ние сме свесни дека реализацијата на мерките не може да оди со кенгурски чекори. Битно е дека имаме одлична комуникација со Министерството за труд и социјална политика. Дел по дел работите одат кон подобро барем во комуникацијата. Се надеваме дека може побрзо да се имплементираат некои мерки особено сегментот на пристапност каде буквално е донесена целата законска легислатива која ја тангира оваа состојба, но за жал имплементацијата малку тешко ни оди. Сепак архитектонските бариери се сериозен проблем за овие лица”, рече Јовановски. Посочи дека личната асистенција бил проект на ЕУ која се спроведувал преку Министерството за труд и социјална политика, кој заврши во јули. „Имаме најава дека Министерството сериозно планира да ја продолжи таа сервисна услуга, бидејќи се покажа дека таа е од интерес за лицата со инвалидност”, додаде Јовановски.

Во текот на конференцијата следеа излагањата на претставниците од земјите во регионот, како од владините институции, така и од невладиниот сектор, и тоа од Словенија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Албанија. Видео излагање имаше и Правниот експерт во Комитетот за правата на лицата со попреченост, Дамјан Татиќ. Тие ги презентираа искуствата од своите земји во однос на механизмите и структурите за следење на имплементацијата на Конвенцијата на ОН. Свое излагање и видувања за состојбите на оваа тема во име на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија имаше Владо Крстовски, претставник на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА.

## Активности на ЕАСПД

# ЕАСПД ја започнува дебатата за тоа како целите за одржлив развој можат да ги поддржат инклузивните заедници за лица со попреченост

***За време на меѓународната конференција на ЕАСПД која се одржа во Подгорица, Црна Гора, на 26 – 27 октомври, 170 професионалци од Европа и пошироко се собраа да дебатираат околу целите за одржлив развој и нивната поврзаности со реализацијата на поддржувачки и инклузивни заедници. Настанот беше организиран во соработка со Фондацијата Петровиќ Његош, Centre de la Gabrielle и Egart.***

Паралелно со Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, Обединетите нации развија уште една рамка која го има потенцијалот да ја поддржи целосната инклузија на лицата со попреченост во општеството: Целите за одржлив развој на Обединетите нации. За време на меѓународната конференција на ЕАСПД **„Исполнети животи – поддршка во заедницата и одржлив развој"** организирана на 26 – 27 октомври 2017 година, се истражуваа и дискутираа врските меѓу овие две алатки, со цел да се промовира развојот на инклузивни и одржливи заедници.

Конференцијата се одржа во Подгорица, Црна Гора, земја чиј фокус на улогата на пошироката средина е конкретизиран во членот 1 од Уставот во кој се вели дека „*Црна Гора е граѓанска, демократска, еколошка и* ***социјално правна држава*** *согласно владеењето на правото*" што ја прави една од ретките земји во светот каде концептот на екологија и одржлив развој е целосно интегриран во нејзиниот закон.

Активни, живи заедници и одржливи општества треба да бидат дел од истиот дискурс и не можат да постојат без **целосна инклузија на лицата со попреченост**. Одржливиот развој спречува онеспособувачки услови и исклучување, а во исто време овозможува да се промовираат исполнети животи. „*Поддржувачки и охрабрувачки заедници се помеѓу предусловите за обезбедување на уживањето на човековите права и целосно учество во заедницата. Без долгорочна визија не може да се поттикнува на вистински одржлива и позитивна промена*", назначи Sabrina Ferraina, од ЕАСПД.

Дискусиите за време на панел дебатите јасно истакнаа дека врските меѓу Целите за одржлив развој и Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост се многу силно од политичка, правна и практична гледна точка. Поддржувачките заедници можат да поттикнуваат на промени во механизмите за социјална заштита, а тоа може да има позитивно влијание врз измените во законските рамки.

Говорниците на конференцијата беа претставници на Обединетите нации, Советот на Европа, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, локални и регионални власти, обезбедувачи на сервисни служби и организации на лица со попреченост. Ana Pelbez Nervbez, заменик претседател на Европскиот форум за попреченост, потенцираше дека „*Целите за одржлив развој претставуваат дополнителна алатка за застапување за правата на лицата со попреченост. Првиот чекор, сепак, е да се запознаат лицата со нивните права. Да не се остави никој зад себе мора да оди и подалеку од слоганот и претставува став кој треба да се практикува, разгледувајќи како и дали заедниците навистина се поддржувачки, пристапни и отворени за сите граѓани*".



Црна Гора постави позитивен пример со предлогот за доброволен национален преглед на целите за одржлив развој во ОН, **кој вклучи референци за лицата со попреченост, покажувајќи јасен ангажман во оваа насока**.

Во своите завршни забелешки, **Luk Zelderloo**, Генерален секретар на ЕАСПД истакна дека за ЕАСПД „*Ова претставува почеток за понатамошна заложба со цел поттикнување на сите релевантни чинители сериозно да го сфатат предизвикот за имплементирање на Целите за одржлив развој и Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Двете рамки ќе бидат во целост дел од повеќегодишниот стратешки план на ЕАСПД за следните години*".

На конференцијата учество зедоа и претставници на РЦПЛИП – ПОРАКА, а воедно учествуваа и на состаноците на Генералното собрание, Управен одбор, Постојан комитет за инклузивно живеење и Интерес групата за рана интервенција на ЕАСПД. Исто така, претставниците на РЦПЛИП - ПОРАКА за време на конференцијата одржаа состаноци со раководството и секретаријатот на ЕАСПД за да ја дефинираат организацијата на Форумот на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост во Македонија, на 10 ноември 2017 година.

Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во рамки на членството во ЕАСПД

# Модул “Човекови права и сервисни служби за лица со попреченост: Конвенцијата на Обединети нации за правата на лица со попреченост и Европскиот правен контекст”

Томас Бигнал, Службеник за политики и комуникации, ЕАСПД

РЦПЛИП – ПОРАКА Ви го пренесува вториот дел од вториот модул во циклусот на обуки во рамките на меѓународниот проект „Disability Leaders of Tomorrow” на ЕАСПД - Европска асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост. Проектот има за цел јакнење на капацитетите на обезбедувачите на сервисни служби за лица со попреченост во промовирањето и координирањето на реални и одржливи промени во обезбедувањето на сервисни служби во 15 земји од Југоисточна Европа.

Продолжува од претходниот број

**3.3 Општи предизвици за социјалните сервисни служби во Европа**

Како дополнување на прашањата поврзани со членовите 19, 24 и 27, има многу други проблеми со кои се засегнати социјалните сервисни служби низ Европа.

Најголемото прашање со кое се засегнати обезбедувачите на социјални сервисни служби низ цела Европа е недостигот на признание на секторот од страна на креаторите на политики, а со тоа и недостигот на доволно финансирање за секторот. Иако постојат различни нивоа на финансирање, како и различни модели, јасно е дека постои недостиг на доволни и одржливи јавни финансии за секторот за социјални сервисни служби во сите Европски земји. Тоа се разбира се влоши со кратењата на јавниот трошок во социјалната грижа/поддршка од 2008 па наваму.

Поради демографски промени, продлабочени нееднаквости и кратења на јавните трошоци кон социјалната грижа/поддршка, се зголемуваат листите на чекање кај квалитетните сервисни служби; што пак ги зголемува тенденциите за следните прашања:

- Уназадување на квалитетот на сервисните служби;
- Води кон понатамошна (ре)интституционализација;
- Става понатамошен притисок на социјалната мрежа (семејства, итн) околу лицето со попреченост; што пак е можно да го продлабочи неговото исклучување од пазарот на трудот (особено жените); итн.

Исто, така, постојат важни прашања во јужна, западна и северна Европа поврзани со значителниот недостиг од персонал. Регрутирањето и задржувањето на персонал во секторот и понатаму останува голем предизвик за многу обезбедувачи на сервисни служби; примарно, поради недостиг на привлечност на секторот (плати под просекот, работни услови и можности за обука). Бидејќи многу од работните места во социјалниот сектор сега се пополнуваат со професионалци од централна и источна Европа, треба да се запрашаме како одливот на мозоци ќе влијае врз развојот на сервисни служби со висок квалитет во централна и источна Европа. Покрај, недостигот на финансии за секторот, тоа доведе и до зголемување на непријавената работа во полето на социјалната грижа/поддршка. Другите прашања што влијаат врз регрутирањето и задржувањето на персоналот вклучуваат и родова нерамнотежа на професионалци кои работат во секторот (во просек 80% од персоналот се жени), како и стареење на работната сила (најголемиот број работници се над 40 годишна возраст)

Низ Европа, најголемиот број професионалци во секторот за социјална грижа/поддршка не се соодветно обучени за развивање на сервисните служби засновани на перспективата на човекови права; а особено на Конвенцијата на ОН. Доколку обезбедувачите на сервисни служби – и професионалците во секторот – треба да станат оние кои ќе овозможуваат промени, тогаш мора да се стори многу повеќе за да се обезбеди дека перспективата на човековите права е добро разбрана од страна на сите професионалци кои работата во секторот.

**4 Европски решенија за европски проблеми**

**4.1 Изнаоѓање решенија преку Советот на Европа**

Советот на Европа вклучува 47 држави членки и има надлежности во полето на човекови права; особено преку Европскиот суд за човекови права. Исто така, вклучува „Комитет на експерти за правата на лица со попреченост”, кој има за цел да им помага на државите членки во промоција, имплементација, следење и евалуација на Акциониот план за попреченост на Советот на Европа.

Акциониот план на Советот на Европа има за цел да им помогне на државите членки да ги зајакнат антидискриминаторните и мерките за човекови права на национално ниво. Исто така, овозможува флексибилна рамка за донесувачите на одлуки да изготвуваат наменска карта за иновативно законодавство, политики и практики за попреченост: содржани се 15 акциони линии (Видете во Модул 1 за повеќе детали).

**4.2 Изнаоѓање решенија преку Европската Унија**

Европската унија е целосно одделно тело од Советот на Европа, каде се застапени 28 држави членки и има надлежности во широк опсег на политички области. Од политичка гледна точка, ЕУ има многу повеќе влијание врз националните политики отколку Советот на Европа. Во продолжение се наведени некои од политиките воспоставени на европско ниво, кои влијаат на обезбедувањето на социјални сервисни служби во Европа. Ова е неисцрпна листа, на која се наоѓаат главните политики во изминатите неколку години.

# Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во рамки на членството во ЕАСПД

**Политики специфични за попреченоста**

Членот 10 од Договорот за функционирање на Европската унија наведува дека „во дефинирањето и имплементирањето на своите политики и активности, Унијата ќе стреми кон борба против дискриминација заснована на пол, расно или етничко потекло, религија или уверување, попреченост, возраст, сексуална ориентација".

Како што беше објаснето во Модул 1, Европската унија ја ратификуваше Конвенцијата на ОН во 2010 година и последователно разви Европска стратегија за попреченост со 8 точки.

Во однос на активности специфични за попреченост, ЕУ презема акции во следите области:

- Рамковна директива за еднаквост при вработување, која се стреми кон борба против дискриминација врз основа на попреченост, сексуална ориентација, религија и уверување, и возраст на работното место.
- Европскиот акт за пристапност, кој има за цел да им олесни на компаниите да обезбедат пристапни продукти и сервисни служби преку границите за сите граѓани, особено за лицата со попреченост.

Европската унија веќе неколку години се обидува да се усогласи за директива за анти-дискриминација, која има за цел да се бори против дискриминација во гореспоменатите области во сите области на живеење. Во моментот е блокирана од држави членки во Советот на Европската унија (да не се меша со Советот на Европа). Сепак, Европската комисија покажа подготвеност да го помине предлогот преку Советот во 2016 година.

**Социјални сервисни служби од општ интерес (SSGI)**

Во дополнение на политиките специфични за попреченоста, ЕУ има значителна работа во развивањето на законска рамка за социјални сервисни служби. Со оглед на тоа дека социјалните сервисни служби се исклучени од опфатот во „Директивата за сервисни служби", со цел либерализација на европскиот внатрешен пазар, Европската комисија публикуваше Комуникација за „Социјални сервисни служби од општ интерес" (SSGI) во април 2006 година. Европската унија има влијанија на секторот на SSGI во три главни области:

***- Вработување и работни услови***

Неколку европски политики и активности ги поддржуваат нашите аргументи дека има голем потенцијал за креирање работни места во SSGI секторот. Тие го опфаќаат работниот документ на персоналот на Европската комисија од 2012 година за „експлоатирање на потенцијалот за вработување во личните и за домаќинства сервисни служби" како и Пакетот за Социјални инвестиции од 2013 година, каде се вели дека социјалниот трошок треба да се смета како среднорочно кон долгорочно инвестирање, наместо како трошок. Сепак, работната рамка се уште треба да се развива на европско ниво за да се отклучи потенцијалот за креирање работни места во секторот. Европската директива за работно време бара земјите од ЕУ да гарантираат дека



работните часови на работниците ги исполнуваат минималните стандарди применливи низ цела ЕУ. Европскиот социјален дијалог е уште една алатка која има за цел да ги подобрува работните услови за работниците во Европа. Во моментов се одвива процес кој ќе овозможи дека работодавците во социјалните сервисни служби се застапени на европско ниво, со што ќе им се овозможи заеднички да преговараат на европско ниво за општите позиции со претставници на синдикатите во полето на социјални сервисни служби.

***- Правила за јавни набавки и државна помош***

Европската унија поставува законска рамка во однос на правилата за јавни набавки и државна помош за да им овозможи на јавните власти, компаниите и НВОи јасни, одржливи и современи правила и обврски. Во декември 2011 година, Европската комисија изготви Комуникација за Работна рамка за квалитет во сервисните служби од општ интерес во Европа. Како продолжеток на оваа публикација, Европската унија се согласи на нова Директива за јавни набавки, која ги осоврemени правилата за јавни набавки во ЕУ и стави повеќе фокус на „Економски најповолна понуда" наместо најевтина понуда. ЕУ исто така, се согласи на нови правила во однос на државната помош за компании и организации без да ја наруши конкуренцијата. И двата нови документи се неопходни за воспоставување на вистинско опкружување за обезбедувачите на социјални сервисни служби да можат успешно да ги постигнуваат нивните активности.

***- Социјална иновација***

Преку директните и структурните фондови, Европската унија финансира иновативни проекти за обезбедувачите на социјални сервисни служби низ Европа. Европските структурни и инвестициски фондови изнесуваат до 351.8 милијарди Евра за периодот 2014-2020 година и ги опфаќаат Европскиот социјален фонд, Европскиот фонд за регионален развој, итн. Социјалната иновација е еден од главните приоритети за инвестиции и за двата фонда. ЕУ исто така финансира иновативни проекти директно преку повици за аплицирање за иновативни проекти во специфични области.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во рамки на членството во ЕАСПД

**Европска политика за вработување**

Во изминатите неколку години Европската унија е се повеќе активна во полето на политиките за вработување; се разбира и преку **Гаранцијата за млади** и насоките за справување со долгорочната невработеност. Иако и двете не се специфично фокусирани на лица со попреченост, тие се релевантни за социјалните сервисни служби во полето на поддршка за вработување. Гаранцијата за млади опфаќа посветеност од страна на државите членки за обезбедување дека во рамки на четири месеци по напуштање на училиштето или загуба на работата, младите лица под 25 години можат или да најдат добра, квалитетна работа соодветна на нивното образование, вештини и искуство, или да стекнат образование, вештини и искуство преку практиканство, стажирање или континуирано образование. Иако гаранцијата за млади на хартија е отворена за сите, реалноста е дека или ги исклучува лицата со попреченост или не е соодветна за да ги усогласи нивните дополнителни потреби за поддршка. Насоките дадени за државите членки за справување со долгорочната невработеност се многу подобри во овој поглед бидејќи вклучуваат холистичка рамка за персонализирана поддршка помеѓу сите релевантни чинители.

**Европска економска и социјална политика**

ЕУ има надлежности во економската политика кога станува збор за постигнување на своите долгорочни цели: стратегијата Европа 2020 и Пактот за стабилност и раст. Стратегијата Европа 2020 е десетгодишна стратегија која се однесува на постигнување, мудар, одржлив и инклузивен раст низ Европа. Пактот за стабилност и раст се однесува на обезбедување дека државите членки извршуваат солидни јавни финансии и избегнуваат големи буџетски дефицити. Главната алатка за да се обезбеди дека политиките на државите членки се координирани кон постигнување на овие две стратегии е Европскиот семестар. Европскиот семестар е процес на дијалог меѓу Европската комисија и државите членки за координација на развојот на национални политики кои одат во насока на двете претходно споменати стратегии. Европскиот семестар вклучува препораки кои опфаќаат области како што се јавни трошоци, пазар на трудот, образовни политики и политики за грижа, а се поврзани со работата на обезбедувачите на социјални сервисни служби.

## Учество на РЦПЛИП - ПОРАКА во меѓународни проекти

# Активности во рамките на европскиот проект „Рана инклузија преку взаемно учење"

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА продолжува со учеството како партнер организација во конзорциум со 10 партнери во Европски проект насловен како „Рана инклузија преку взаемно учење", кој е поддржан од Австриската агенција за меѓународна соработка. Проектот се фокусира на зголемено знаење и споделени методи во односот со деца од предучилишна возраст кои имаат попреченост или се во ризик да стекнат попреченост. Проектот има за цел да пренесе информации, конкретни методологии и процена на компетенции.

Во изминатиот период, РЦПЛИП – ПОРАКА беше во директна комуникација со конзорциумот на партнерски организации, предводен од австриската организација Sinn-Evaluation. Во рамките на проектот, продолжија редовните активности, согласно проектниот распоред. Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА работеше на унапредувањето на алатките кои се овозможени со овој проект. Поточно се работеше за унапредување на алатката: Пазар за методи на инклузија што претставува самоорганизирана методолошка онлајн размена на искуства. Активностите се однесуваа на адаптација на онлајн платформата за размена на искуства меѓу професионалците и се поставуваа позитивни искуства и практики од работата со лица со интелектуална попреченост. Исто така, беа преземени голем број активности од технички карактер, пред се за превод, адаптација на информативни материјали.




Во периодот 22 - 23.11.2017 година во Хамбург се одржа состанок, кој воедно беше и последен, на проектните партнери. На состанокот се разгледуваа преземаните активности во рамки на проектот, како и преглед на активностите кои следат за реализација во наредниот период. Исто така, проектните партнери имаа можност да разговараат за подготовките за финалниот извештај од проектот кој треба да се поднесе до Австриската агенција за меѓународна соработка.

## Активности на ЕДФ - Европски форум за попреченост

# Европски денови на лицата со попреченост
# Кон инклузивна, социјална и одржлива Европа

***Европските денови на лицата со попреченост на едно место донесоа стотици лица со попреченост и беа повод да се одбележи различноста и социјалната инклузија***

Секоја година, по повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, Европската комисија и ЕДФ организираат дводневна конференција во Брисел на 4 и 5 декември. Лицата со попреченост разговараа за **државјанството, политичко учество, одржлив развој и урбана пристапност** со Европската комисија, членови на Европскиот парламент, Советот, јавните власти и други чинители и експерти.

Отворајќи ја конференцијата, **Michel Servoz, Генерален директор на Европската комисија**, говореше за нееднаквостите кои се уште постојат во Европа, и даде пример за високата стапка на невработеност кај лицата со попреченост: „Стапката на вработеност кај лицата со попреченост е само 48%, а само 28% од лицата со попреченост завршиле високо образование. Овој јаз е голем и не е прифатлив."

Говорејќи на отворањето, **претседателот на ЕДФ, Yannis Vardakastanis**, истакна: „Да се биде граѓанин значи да се биде во можност да се практикуваат права, да се биде дел од општеството, а не во неговиот агол. Токму за тоа се бориме". Yannis Vardakastanis исто така го спомена и Европскиот столб на социјални права (социјален столб) како алатка за Европската унија да ги исполнува своите обврски согласно Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

„Конвенцијата на ОН ги опфаќа сите нивоа и области од креирањето политики, Поради тоа, ЕУ треба да усвои целосна и сеопфатна Европска стратегија за попреченост 2020 – 2030 и да ја направи Конвенцијата на ОН реалност во Европа со активно вклучување на лицата со попреченост. Стратегијата треба да е интегрирана во претстојната повеќегодишна финансиска рамка на ЕУ за да се обезбедат адекватни средства за нејзина имплементација", додаде **Yannis Vardakastanis**.

На првиот панел од конференцијата се дискутираше за тоа што прави ЕУ за лицата со попреченост. **Членот на Извршниот комитет на ЕДФ, Rodolfo Cattani**, говореше за ефикасни системи за социјална заштита и иницијативни за намалување на нееднаквоста во рамката на **Социјалниот столб**, а **Thorkild Olesen, заседавач на Организациите на лица со попреченост во Данска**, ги презентираше врските меѓу правата на лицата со попреченост и Целите за одржлив развој.

**Ciara O'Brien, заседавач со Комитетот за човекови права во Советот на Европа**, говореше за напредокот на земјите во постигнувањето на Целите за одржлив развој за лицата со попреченост; таа истакна дека Советот ќе продолжи да работи за да се осигура дека ЕУ ќе ги потпише Факултативниот протокол на Конвенцијата на ОН. Политичкото учество и правото на глас се суштинска компонента на државјанството и демократијата. Денес во Европа, **стотици илјади лица**




**со попреченост се исклучени од ова право поради правни бариери, непристапност или други бариери**. Како што се наближуваме кон Европските избори во 2019 година, тоа беше во центарот на дискусиите на настанот.

„Учеството во политичкиот живот не е луксуз за лицата со попреченост. Тоа е основно право и предуслов кој овозможува лицата да ја практикуваат својата автономија" рече **Albert Prevos, член на Извршниот комитет на ЕДФ**.

**Претседателот на Европската унија на глуви и слепи лица, Sanja Tarczay** и **David Clarke, само-застапник со Даунов синдром**, ги споделија своите искуства во однос на оваа тема. И двајцата ги осудија бариерите во однос на правото на глас и ги повикаа ЕУ и нејзините држави членки на преземат акции како би им овозможиле на лицата со попреченост да гласаат и да учествуваат во политичкиот живот. Понатаму во текот на конференцијата, се презентираа **добри примери на пристапни јавни простори и на паметни градови** од страна на градовите Луксембург и Луго. Тие покажаа како е можно да се мобилизираат ресурси за подобрување на јавните сервиси и да се направат навистина инклузивни. Учесниците разговараа како градовите можат да ја земат предвид попреченоста. **Nadia Hadad, член на Одборот на Европската мрежа за самостојно живеење (ENIL)**, повика за пристапност и универзален дизајн како услови за инклузија на лицата со попреченост во општеството.

На крајот од настанот се разговараше за идните приоритети во заедничкото работење. **Бугарското претседателство со Советот на ЕУ** потврди дека меѓу приоритетите ќе биде промовирање на инклузијата на лицата со попреченост како целосни членови на општеството. **Заменик претседателот на ЕДФ, Pat Clarke**, го затвори настанот со тоа што ги повика сите претставници на европските институции да продолжат заедно да работат со лицата со попреченост со цел да се отстранат бариерите кои го попречуваат нивното целосно учество во општеството.

# Активности на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА по повод 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост

**ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица** на 30.11.2017 г. со почеток од 18:00 часот во Дом на АРМ – Струмица организираше хуманитарна манифестација по повод одбележување на 3-ти Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост. На хуманитарната манифестација беа претставени креации од серијата креативни работилници кои ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица ги реализираше во текот на 2017 година. Присутните гости на манифестацијата, за симболична сума, ги купуваа ракотворбите и украсите, а парите собрани од продажбата на креациите ќе бидат искористени за опремување на Социјалниот Клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица со потребните дидактички материјали за работа. На настанот, исто така, беше организиран и натпревар во готвење на кој учествуваа членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, ученици од ООУ „Видое Подгорец" – Струмица и членови на Организацијата „Етно Вешта жена" – Струмица. Понатаму, следуваше мини-претстава на волонтери од Црвен крст, ученици од ООУ „Никола Вапцаров" - Струмица, перформанс на игроорци од Ансамбл „Тримери" – Струмица и претстава на ученици од ООУ „Видое Подгорец" – Струмица. Преку кратките претстави се пренесе порака за почитување на принципите на еднаквост, недискриминација, инклузија, праведност и солидарност. На крајот од последната претстава, на бината се приклучија и членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица и преку песна за еднакви можности, заедно со своите другарчиња ја пренесоа пораката за еднаквост пред присутните. По завршување на програмата, официјално беше отворена изложбата, на која, покрај креациите изработени од членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, беа изложени и креации и изработки на Дневниот центар за деца со посебни потреби од Струмица и ООУ „Никола Вапцаров" – Струмица, како поддржувачи, партнери и пријатели на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица. За победници на натпреварот во готвење беа прогласени и трите тима, бидејќи покажаа посветеност, умешност, креативност и способност за готвење.



**ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар** по повод 3 Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост спроведе конкурс за ликовни и литературни творби на кој учество зедоа учениците од основното и средното образование на тема „Видете го детето, не попреченоста". На 23-ти ноември членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар остварија средба со градоначалникот на општина Демир Хисар. На средбата се разговарање за досегашната успешна соработка со локалната самоуправа, но и за продолжување на истата во наредниот период. Под покровителство на градоначалникот на Општината, на 01.12.2017 година, во просториите на Социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар се одбележа меѓународниот ден на лицата со попреченост. На одбележувањето присуствуваа претставник на градоначалникот на Општината, училиштата, наставници, професори, членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, волонтери, родители и други граѓани. Во рамки на ова одбележување се прогласија најдобрите литературни творби од основното и средното образование на темата „Видете го детето, не попреченоста". На наградените им беа доделени дипломи и скромни награди во книги што ги обезбедија ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар и библиотеката при Домот на културата во Демир Хисар. Благодарници се доделија и на соработниците на организацијата кои со својот придонес ја унапредуваа работата на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар во изминатата година.

По повод 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост, **ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово** спроведе низа активности за негово одбележување. На 01.12.2017 во ООУ „Лирија" се реализираше настан на кој на почетокот се даде осврт на значењето на меѓународниот ден на лицата со попреченост, проследен со културно уметничка програма, а беше поставена и изложба од слики и предмети изработени од учениците од посебните паралелки. На истиот ден, во ООУ „А.С. Ќикиш" учениците од посебните паралелки организираа изложба на предмети и слики изработени од учениците. Корисниците на дневниот центар за деца со посебни потреби во Тетово реализираа одбележување на 3 декември при што се разговараше за меѓународниот ден на лицата со попреченост и неговото значење. Корисниците поставија изложба на ракотворби изработени во рамки на нивните активности. На 02.12.2017 година во спортската сала на Државниот Тетовски Универзитет беа одржани спортски игри, на кои учество зедоа учениците од посебните паралелки од училиштата во Тетово и Гостивар. На 04.12.2017 година на Филозофскиот факултет се одржа седница на која говореа Деканот на факултетот, потоа про-деканот и Шефот на катедрата за едукација и рехабилитација. Претставник од ИВЗ – Тетово на сите ученици од посебните паралелки им додели пакет со прехранбени производи.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Ѓевгелија** го одбележа меѓународниот ден на лицата со попреченост со работен состанок на тема „Трансформација кон одржливо и прилагодливо општество за сите". На состанокот учествуваа претставници на голем број чинители на локално ниво кои делуваат во полето на попреченоста. Се потенцираше значењето од успешна имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во сите аспекти од живеењето со посебен осврт на самостојно живеење и вклученост во заедницата, пристапни сервисни служби во местото на живеење, образование, здравство и вработување. Во просториите на социјалниот клуб беа изложени рачни изработки на корисниците. За значењето на меѓународниот ден на лицата со попреченост беше информирана и јавноста преку локалните медиуми.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар** организираше јавна трибина на која учество зедоа претставници од локалната самоуправа, јавните институции на локално ниво, претставници од невладини организации и соработници од Република Албанија. Трибината започна со презентација на спроведените активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар во текот на годината од страна на претседателот и секретарот на организацијата која беше поддржана со видео презентација и документарен филм за правата на лицата со интелектуална попреченост. За време на трибината се претставија и ученици од ООУ „Саид Најдени" со пригодна програма. Трибината се искористи да се разговара за актуелните потреби на лицата со интелектуална попреченост на локално ниво и да се разменат искуства со соработниците од Албанија. На крајот присутните имаа можност да ја погледнат поставената изложба со ракотворби од лицата со интелектуална попреченост.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Битола** со низа активности го одбележа 3 декември. На 01.12.2017 година во ООУ „Ѓорги Сугарев" членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола имаа можност да присуствуваат на уметничка програма подготвена од учениците и воедно, дел од нив, да се потсетат на деновите поминати во училиштето. Во просториите на социјалниот клуб на ЦПЛИП - ПОРАКА Битола беше организирана изложба на ракотворби од лицата со интелектуална попреченост. Во одбележувањето на овој ден свој придонес во храна и пијалаци дадоа Пекара Александар, Паб Конект, Аурум, ГТ слаткарница, Оскар ресторан. На 5.12.2017 година во соработка со Црвениот крст на Битола, во просториите на социјалниот клуб се одржа крводарителна акција. Соработката со Црвениот крст продолжи и во следните денови со реализација на неколку работилници за изработки на Новогодишни честитки и украси.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка**, на 01.12.2017 година во спортската сала на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош" го одбележа 3 декември. На настанот присуствуваа претставници на локалната самоуправа, центарот за социјална работа, ученици и наставници од основните училишта и родители на лица со попреченост. Корисниците на дневниот центар за лица со интелектуална попреченост во Крива Паланка настапија со своја програма, а исто така и учениците од основните училишта. За време на настанот Претседателот на ЦПЛИП -ПОРАКА Крива Паланка ги додели дипломите на наградените ученици кои учествуваа во конкурсите за ликовни и литературни творби. Како и секоја година, така и оваа претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка посетија неколку семејства со членови со интелектуална попреченост.

Во рамките на програмата за одбележување на 3 декември, претставници на **ЦПЛИП – ПОРАКА Виница**, на 01.12.2017 година оствари средба со градоначалникот на Општината на која се разговараше за потребите и проблемите со кои се соочуваат овие лица и нивните семејства на локално ниво, а воедно беше потенцирана и потребата од отворање на сервисни служби во местото на живеење. На 04.12.2017 година, ЦПЛИП – ПОРАКА Виница и Дневниот центар за лица со попреченост во Виница организираа изложба на рачни изработки на корисниците. Присутни на изложбата беа градоначалникот на општина Виница, претставници на Црвениот крст, „Мак Прогрес" како и останати чинители на локално ниво. Изложбата беше медиумски покриена од локалните медиуми. На 6.12.2017 Унијата на жени на општинскиот огранок на една од политичките партии организираше неколку часа дружење на лицата со попреченост во пицерија „Ричи".

Корисниците на дневниот центар на **ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш** на 30.11.2017 ја посетија работилницата за правење на накит во сопственост на КИАЦ – Центар и имаа можност да се запознаат со разните материјали за изработка на накит, но и со самиот процес на изработка. На 01.12.2017 во просториите на дневниот центар се одржа настан за одбележување на 3 декември. На настанот присуствуваа претставници на локалната самоуправа, Заменик генералниот директор на Рудникот Бучим, претставници од јавните институции, невладините организации и родители на лица со интелектуална попреченост. Оваа средба беше искористена повторно да се истакнат потребите и проблемите на лицата со





интелектуална попреченост на локално ниво, но и да се претстави работата на дневниот центар и бенефитите од ваквите видови на сервисни служби. ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш додели благодарници до општествени институции и поединци кои во текот на годината дале свој придонес во работата на организацијата и сервисната служба. Членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш се вклучија во активност на Етно вешта жена што се реализираше во Струмица на 26.11.2017 година, а собраните средства од манифестацијата ќе бидат наменети за лицата со интелектуална попреченост од Струмица и Радовиш.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје** организираше низа активности за одбележување на 3 декември. На 29.11. во „ВИП Арена Борис Трајковски" се организираше спортска активност куглање, а на 30.11 и 05.12 со поддршка на Град Скопје се реализираа спортски активности во спортската сала на ГУЦ „Здравко Цветковски". На 01.12. корисниците на Дневните центри на ПОРАКА Скопје учествуваа на работилница со учениците од ПСУ „Јахја Кемал". На 03.12. се одржа перформансот „Бакнати од сонцето" подготвен и режиран од Театар Пи, а изведен од актери, корисници на дневните центри на ПОРАКА Скопје. Перформансот се одржа на сцената во Мала Станица, а на крајот се доделија благодарници до соработниците и поддржувачите на активностите на ЦПЛИП -ПОРАКА Скопје. Воедно дел од членовите на организацијата учествуваа на тематската расправа „Трансформација кон одржливо и прилагодливо општество за сите" организирана од НСИОМ. Исто така на 03.12. корисници на дневните центри на ПОРАКА Скопје заедно со еден од едукаторите се вклучија во активноста организирана од Владата на РМ, под покровителство на Премиерот Зоран Заев. Претставници на ЦПЛИП -ПОРАКА Скопје зедоа учество на НВО Саемот на Град Скопје кој се одржа на 06.12. поддржан од Град Скопје, а организиран од Волонтерски центар Скопје. Корисниците на дневните центри на ПОРАКА Скопје заедно со ученици од Гимназијата НОВА реализираа работилница за изработка на декоративни предмети.

По повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, **ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица**, во соработка со Центарот за социјална работа, а под мотото „И ние сме исти како вас, не гледајте не со други очи" организираше трибина чија единствена цел беше подигнување на свеста кај граѓаните на Македонска Каменица за потребата од прифаќање на лицата со попреченост во општеството и нивен еднаков третман. Членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица со делење флаери се вклучија во подигнувањето на јавната свест на сограѓаните за демаргинализирање на лицата со попреченост. Флаерите содржеа информации за важноста на 3 декември. Се спроведоа и работилници за изработка на честитки и ракотворби во соработка со средношколците од СОУ „Миле Јаневски – Џингар".

**ЦПЛИП – ПОРАКА Штип** на 30.11.2017 во Народната библиотека „Гоце Делчев" организираше изложба на ракотворби и цртежи на членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип. Изложбата беше збогатена со музички и сценски настап на лицата со интелектуална попреченост, членови на школата за фолклор при Академијата ЕУРО АРТ. Претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип ја потенцираше потребната поддршка за лицата со интелектуална попреченост да се вклучат во сите сфери на секојдневното живеење, а воедно додели благодарници на поддржувачите на организацијата. На 01.12.2017 во просториите на ЗИО – Штип се организираше средба со претставници на локалната власт. За време на оваа средба се разговараше за потребите на лицата со попреченост како би се вклучиле во редовните општествени текови како рамноправни граѓани. Дел од корисниците на социјалниот клуб присуствуваа како гости на доделувањето на награди за најдобро напишана литературна творба на тема „Мојот пријател инвалид" во ООУ „Димитар Влахов". Сите активности беа проследени од локалните медиуми.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Велес**, како и секоја година, по повод 3 декември, традиционално учествува на Ликовната работилница во ПОУ „Маца Овчарова" – Велес, која е од инклузивен карактер и се организира на државно ниво. Исто така, десет деца со интелектуална попреченост, челнови на ЦПЛИП -ПОРАКА Велес, кои во изминатите месеци посетуваа часови по модерен танц во балетското студио „Анабела" беа дел од претстава со која се претставија пред градоначалникот на општината и велешката публика по повод меѓународниот ден на лицата со попреченост.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп** организираше гастрономска работилница предводена од професионалните готвачи Зоран Карапеев и Зоран Крстески. На 01.12.2017 година, ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп заедно со ПОУ „Климент Охридски" и Здружението на македонски книжевници го одбележаа 3 декември. Настанот се одржа во ПОУ „Климент Охридски" на кој учествуваа претставници на локалната самоуправа, училиштата, јавните институции и други заинтересирани граѓани. Двата настани беа медиумски покриени.





# Наша Страница

## Ликовни работилници и хуманитарна изложба

Во изминатите два месеци, корисниците на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје беа вклучени во низа работилници за сликање на платно, кои на сопствена иницијатива ги спроведоа ученичките Ева Лазаревска и Еда Авмедовска од ПСУ "Јахја Кемал" - Скопје.
Во текот на работилниците, корисниците имаа можност да ја покажат својата креативност, како и да другаруваат со Ева и Еда.








Изработените ликовни дела од страна на корисниците беа презентирани на хуманитарна продажна изложба која се одржа во просториите на Кинотеката на Македонија на 27.12.2017 година, а беше организирана од Ева и Еда.

Собраните средства од продадените слики се наменети за потребите на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје. Упатуваме голема благодарност за убавата иницијатива, која на многумина може да им послужи како позитивен пример како, доколку се сака, може да се соработува и другарува со лицата со интелектуална попреченост.

ISSN 0350-5863